Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. “Македонија“ бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. ____________

______________
СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 450 -та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, 2023 година**

Седницата се одржа на ден: 25.07.2023 година, во 11:00 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Сашко Георгиев**, претседател;
- **Ханиф Зендели**, заменик претседател;
- **Мери Радевска**, член;
- **Лорета Горгиева**, член<
- **Ивица Николовски**, член;
- **Мирсад Суроји**, член;
- **Весна Дамева**, член;
- **м-р Миљазим Мустафа**, член;
- **м-р Селим Адеми**, член;
- **Павлина Црвенковска**, член;
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член.

Оправдано отсутни членови:

- **Беса Адеми**, претседателка на Врховен суд *(уредно поканета)*;
- **Кренар Лога**, министер за правда *(уредно поканет)*.

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД генерален секретар;
- **Анита Андоноска,** државен советник;
- **Александра Шоптрајанова,** технички секретар

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присуство на медиумите и друга поширока јавност.

Претседателот на Советот откако констатира дека има потребен кворум за работа, го изложи предложениот Дневен ред и предложи нови две нови точки и тоа: точка 1-„Констатирање на повлекување од функцијата на избран член на Судскиот совет на Република Северна Македонија на Наке Георгиев, судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија, по негово барање“, бидејќи на ден 25.07.2023 година поднел изјава дека се откажува од член на Судскиот совет на РСМ и точка 6 – „ Донесување на Одлука за објавување на Оглас за избор на 2 (двајца) судии на Основен суд Берово, на 2 (двајца) судии на Основен суд Делчево, на 3 (тројца) судии на Основен граѓански суд Скопје, на 3 (тројца) судии на Основен суд Кичево, на 3 (тројца) судии на Основен кривичен суд Скопје, на 2 (двајца) судии на Основен суд Крушево, на 1 (еден) судија на Основен суд Куманово, на 2 (двајца) судии на Основен суд Охрид, на 6 (шест) судии на Основен суд Прилеп, на 2 (двајца) судии на Основен суд Радовиш,, на 3 (тројца) судии на Основен суд Струга и на 1 (еден) судија на Основен суд Свети Николе.

Претседателот на Советот предложи точките 1, 2, 3 и 4 да се поместат и стануваат точки 2, 3, 4 и 5 , додека точката 6 станува точка 7 и отвори расправа.

За збор се јави Весна Дамева - член на Советот и наведе дека изјавата со која судијата Наке Георгиев се откажува од функцијата член на Советот ја добиле непосредно пред седницата и наведе дека и е драго за категоричниот став на повеќето членови на Советот дека нема законски основ за избор на кандидат за судија кој е син на член на Советот и дека истото допрело до судијата и поднел оставка од функцијата член на Советот.

Со оглед дека друг не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање предложениот изменет и дополнет Дневен ред. По гласањето констатира дека со 11 гласа -„За“, е усвоен следниот

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Констатирање на повлекување од функцијата на избран член на Судскиот совет на Република Северна Македонија на Наке Георгиев, судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија, по негово барање;
2. Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за староснa пензија;
3. Разгледување на Извештај за резултатите од проверка на знаењето на практична работа со компјутери;
4. Избор на судии на Основен суд Битола, Основен суд Свети Николе, Основен суд Струмица и Основен суд Тетово по оглас објавен во Сл.весник на РСМ бр.73/23 и избор на судии на Основен суд Битола, Основен граѓански суд Скопје, Основен кривичен суд Скопје и Основен суд Струмица по оглас објавен во Сл.весник на РСМ бр.112/23;
5. Донесување на Одлука за објавување на Оглас за избор на 2 (двајца) судии на Основен суд Берово, на 2 (двајца) судии на Основен суд Делчево, на 3 (тројца) судии на Основен граѓански суд Скопје, на 3 (тројца) судии на Основен суд Кичево, на 3 (тројца) судии на Основен кривичен суд Скопје, на 2 (двајца) судии на Основен суд Крушево, на 1 (еден) судија на Основен суд Куманово, на 2 (двајца) судии на Основен суд Охрид, на 6 (шест) судии на Основен суд Прилеп, на 2 (двајца) судии на Основен суд Радовиш,, на 3 (тројца) судии на Основен суд Струга и на 1 (еден) судија на Основен суд Свети Николе;
6. Одлучување по известување од Комисија за утврдена фактичка состојба по поднесено барање за утврдување одговорност на судија;
7. Разно;

**Точка 1 „Констатирање на повлекување од функцијата на избран член на Судскиот совет на Република Северна Македонија на Наке Георгиев, судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија, по негово барање “.**

Претседателот на Советот по однос на првата точка на Дневниот ред наведе дека на ден 25.07.2023 година од страна на Наке Георгиев судија на Врховниот суд на РСМ доставена е изјава со која го известува Советот дека се откажува од член на Судскиот совет на РСМ.

Отвори дискусија.

За збор се јави Ивица Николовски – член кој процедурално наведе дека од избраниот член на Советот имаме изјава дека од негови лични причини се откажува од функцијата член на Судскиот совет на РСМ, но не и од судија.

Со оглед дека никој повеќе не се јави за збор констатираше дека е донесено следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се констатира повлекување од функцијата на избран член на Судскиот совет на Република Северна Македонија на Наке Георгиев, судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија, по негово барање.

**Точка 2 „Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија“.**

Претседателот на Советот по однос на втората точка на Дневниот ред наведе дека согласно евиденцијата во Судскиот совет на Република Северна Македонија Љиљана Крстевска, судија на Основен граѓански суд Скопје, на ден 21.07.2023 година навршила 64 години, поради што исполнува услови за стросна пензија, и отвори расправа.Со оглед дека никој не се јави за збор констатираше дека е донесено следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на Љиљана Крстевска, судија на Основен граѓански суд Скопје, на 25.07.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Потоа, Претседателот на Советот наведе дека согласно евиденцијата во Судскиот совет на Република Северна Македонија и Слаѓана Илиевска, судија на Основен суд Тетово, на ден 23.07.2023 година навршила 64 години, поради што исполнува услови за старосна пензија, и отвори расправа.Со оглед дека никој не се јави за збор констатираше дека е донесено следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на Слаѓана Илиевска, судија на Основен суд Тетово, на 25.07.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Точка 3 „Разгледување на Извештај за резултатите од проверка на знаењето на практична работа со компјутери “.**

По однос на третата точка од Дневниот ред претседателот му даде збор на претседателот на Комисијата за проверка на знаењето на практичната работа со компјутери м-р Миљазим Мустафа.

м-р Миљазим Мустафа - член на Советот наведе дека согласно член 5 од Правилникот за проверка на знаењето на практичната работа со компјутери на лицата кои се избираат за судии, Комисијата изготвила и доставила до Советот, Извештај за резултатите од проверка на знаењето на практична работа со компјутери.

Комисијата за проверка на знаењето на практичната работа со компјутери формирана со Одлука на претседателот на Судскиот совет на РСМ бр. 09-1391/1 од 10.07.2023 година спровела проверка на нивото на знаењето и проверка на практичната работа со компјутери на кандидатите по оглас за избор на судии од кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители објавен во “Службен весник на РСМ“ бр. 73/23 од 06.04.2023година и “Службен весник на РСМ“ бр. 112/23 од 31.05.2023година. м-р Миљазим Мустафа на ден 11.07.2023 година и 12.07.2023 година. Наведе дека согласно на членот 2 од Правилникот за проверка на знаењето на практичната работа со компјутери на лицата кои се избираат за судии или судии поротници каде лицето – кандидат за судија треба да е оспособено за практична работа со компјутери и тоа:

- WINDOWS Оперативен систем,
- MICROSOFT WORD,
- Интернет пребарувач (INTERNET EXPLORER или FIREFOX MOZILA), и
- Електронска пошта .

Согласно резултатите од извршената проверка на нивото на знаење, Комисијата утврдила дека кандидатите за судии имаат познавање и се оспособени за практична работа со компјутери, и тоа:

| Р.бр | Име | Презиме | Кандидат за судија на | Датум на проверка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Бојана | Тоиќ | Основен суд Тетово | 11.07.2023 |
| 2 | Реџеп | Муса | Основен суд Тетово | 11.07.2023 |
| 3 | Петар | Чаловски | Основен суд Битола | 11.07.2023 |
| 4 | Катерина | Тодорова | Основен суд Струмица | 11.07.2023 |
| 5 | Костадин | Ѓоргиев | Основен суд Струмица | 11.07.2023 |
| 6 | Горан | Димовски | Основен суд Битола | 11.07.2023 |
| 7 | Елена | Журовска | Основен суд Битола | 11.07.2023 |
| 8 | Иван | Колевски | Основен суд Битола | 11.07.2023 |
| 9 | Драгана | Илиовска | Основен суд Свети Николе<br>Основен граѓански суд Скопје<br>Основен кривичен суд Скопје | 11.07.2023 |
| 10 | Сања | Томиќ Велкоски | Основен граѓански суд Скопје<br>Основен кривичен суд Скопје | 11.07.2023 |
| 11 | Билјана | Иванова | Основен суд Струмица | 11.07.2023 |
| 12 | Пајтим | Машкули | Основен граѓански суд Скопје | 11.07.2023 |
| 13 | Лиљана | Костојчиноска | Основен граѓански суд Скопје | 11.07.2023 |
| 14 | Марија | Беговиќ | Основен граѓански суд Скопје<br>Основен кривичен суд Скопје | 11.07.2023 |
| 15 | Кирил | Георгиев | Основен кривичен суд Скопје | 11.07.2023 |
| 16 | Симона | Бубевска Муцунски | Основен граѓански суд Скопје | 11.07.2023 |
| 17 | Кристијан | Митревски | Основен граѓански суд Скопје | 12.07.2023 |
| 18 | Ахмед | Идризи | Основен кривичен суд Скопје | 12.07.2023 |
| 19 | Фросина | Стојаноска | Основен кривичен суд Скопје | 12.07.2023 |
| 20 | Маја | Каталиќ | Основен граѓански суд Скопје | 12.07.2023 |
| | Име | Презиме | Кандидат за судија на | Датум на проверка |
| 21 | Драган | Петрушевски | Основен граѓански суд Скопје | 12.07.2023 |
| 22 | Надица | Митреска | Основен граѓански суд Скопје | 12.07.2023 |
| 23 | Билјана | Смаќоска | Основен граѓански суд Скопје<br>Основен кривичен суд Скопје | 12.07.2023 |
| 24 | Влатко | Сековски | Основен граѓански суд Скопје<br>Основен кривичен суд Скопје | 12.07.2023 |
| 25 | Драгана | Исакоска | Основен граѓански суд Скопје<br>Основен кривичен суд Скопје | 12.07.2023 |
| 26 | Драган | Јосифоски | Основен граѓански суд Скопје<br>Основен кривичен суд Скопје | 12.07.2023 |
| 27 | Андреа | Апостолска Малиновска | Основен граѓански суд Скопје<br>Основен кривичен суд Скопје | 12.07.2023 |
| 28 | Ирена | Митреска | Основен граѓански суд Скопје<br>Основен кривичен суд Скопје | 12.07.2023 |
| 29 | Јордан | Јованов | Основен граѓански суд Скопје | 12.07.2023 |
| 30 | Лиљана | Миланова | Основен кривичен суд Скопје | 12.07.2023 |

Наведе дека проверката ја спровела Комисијата во составод м-р Миљазим Мустафа, претседател аа Комисијата и Наташа Однакозова Жабокова и Маја Хаџи -Кимова Трпкова членови на Комисијата- информатичари.

Претседателот на Советот  отвори расправа по Извештајот и со оглед дека никој не се јави за збор го стави на гласање Извештајот. По гласањето констатира дека со 11  гласа -„За“, е усвоен Извештајот.

**Точка 4 „Избор на  судии на Основен суд Битола, Основен суд Свети Николе,  Основен суд Струмица и Основен суд Тетово по оглас објавен во Сл.весник на РСМ бр.73/23 и избор на судии на Основен суд Битола, Основен граѓански суд Скопје, Основен кривичен суд Скопје и Основен суд Струмица по оглас објавен во Сл.весник на РСМ бр.112/23 “.**

По однос на четвртата точка од Дневниот ред претседателот му даде збор на претседателот на Комисијата Мирсад Суроји..

Мирсад Суроји- член на советот наведе дека согласно Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за судии од Академијата за судии и јавни обвинители на ден 11.07.2023 година и 12.07.2023 година, Комисијата формирана со Одлука на Советот  бр.09-711/3 од 31.03.2023  година, во состав: Мирсад Суроји-претседател на Комисијата и Лорета Горгиева, Сашко Георгиев, м-р Миљазим Мустафа и Павлина Црвенковска, членови на Комисијата, спроведоа интервју со кандидатите за судии од Академијата за судии и јавни обвинители. По оглас бр.09-711/2  од 29 03.2023 година објавен во „ Службен весник на РСМ“ Бр.73/23 од 06.04.2023 година за 31 (триесет и едно) судиско место и тоа:

- За избор на 2 (двајца) судии на Основен суд Берово;
- За избор на 3 (тројца ) судии на Основен суд Битола;
- За избор на 2 (двајца) судии на Основен суд Делчево;
- За избор на 3 (тројца ) судии на Основен суд Кичево;
- За избор на 1 (еден ) судија  на Основен суд Куманово;
- За избор на 2 (двајца) судии на Основен суд Крушево;
- За избор на 2 (двајца) судии на Основен суд Охрид;
- За избор на 6 (шест) судии на Основен суд Прилеп;
- За избор на 2 (двајца) судии на Основен суд Радовиш;
- За избор на 1 (еден ) судија  на Основен суд Свети Николе;
- За избор на 4 (четири ) судии  на Основен суд Струга;
- За избор на 1 (еден ) судија  на Основен суд Струмица;
- За избор на 2 (двајца) судии на Основен суд Тетово:

По оглас бр.09-1134/2  од 30.05.2023 година објавен во „ Службен весник на РСМ“ Бр.112/23 од 31.05.2023 година за 35 (триесет и пет) судиско место и тоа:

- За избор на 1 (еден) судија на Основен суд Берово;
- За избор на 1 (еден) судија на Основен суд Битола;
- За избор на 8 (осум) судии на Основен граѓански суд Скопје;
- За избор на 2 (двајца) судии на Основен суд Делчево;
- За избор на 3 (тројца ) судии на Основен суд Кичево;
- За избор на 7 (седум) судии  на Основен кривичен суд Скопје;
- За избор на 1 (еден ) судија  на Основен суд Куманово;

- За избор на 1 (еден) судија на Основен суд Крушево;
- За избор на 2 (двајца) судии на Основен суд Охрид;
- За избор на 3 (тројца) судии на Основен суд Прилеп;
- За избор на 3 (тројца) судии на Основен суд Струга;
- За избор на 3 (тројца) на Основен суд Струмица;

На ден 03, 04, 06 и 07.07.2023 година, кандидатите полагаа психолошки тест и тест за интегритет и за сите кандидати издадено е мислење дека се препорачани за избор на судија.

Комисијата изготви список на кандидати со кои е спроведено интервјуто, број на добиени бодови од интервју за секој кандидат, година во која кандидатот ја завршил обуката во Академијата за судии и јавни обвинители и постигнатиот успех од обука и вкупен број на бодови.

Нагласи дека го радува фактот што ранг листата доставена од Академијата за судии и јавни обвинители не претпре измени односно редоследот на кандидатите остана ист, при спроведеното интервју и рангирањето од страна на Комисијата.

Наведе дека по оглас бр.09-711/2 од 29.03.2023 година објавен во „ Службен весник на РСМ“ Бр.73/23 од 06.04.2023 година, Комисијата ги изготви следните ранг листи:

## **Основен суд Битола за** избор на 3 (тројца ) судии

| Ред. Бр. | Презиме | Име | Година на завршување на АСЈО | Бодови од Комисијата од спроведеното интервју | Бодови од успех од АСЈО | Вкупен број на бодови | Судови за кои аплицирал |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Чаловски | Петар | 24.02.2023 | 5,76 | 58,63 | 64,39 | ОС Битола |
| 8 | Журовска | Елена | 24.02.2023 | 5,85 | 58,51 | 64,36 | ОС Битола |
| 22 | Димовски | Горан | 24.02.2023 | 5,71 | 57,34 | 63,05 | ОС Битола |
| 24 | Колевски | Иван | 24.02.2023 | 5,71 | 57,14 | 62,85 | ОС Битола |

## **Основен суд Свети Николе за** избор на 1 (еден ) судија

| Ред. Бр. | Презиме | Име | Година на завршување на АСЈО | Бодови од Комисијата од спроведеното интервју | Бодови од успех од АСЈО | Вкупен број на бодови | Судови за кои аплицирал |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 27 | Илиовска | Драгана | 24.02.2023 | 5,57 | 56,86 | 62,43 | ОС Свети Николе |

**Основен суд Струмица** избор на 1 (еден ) судија

| Ред. Бр. | Презиме | Име | Година на завршување на АСЈО | Бодови од Комисијата од спроведеното интервју | Бодови од успех од АСЈО | Вкупен број на бодови | Судови за кои аплицирал |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16 | Тодорова | Катерина | 24.02.2023 | 5,77 | 57,75 | 63,52 | ОС Струмица |
| 17 | Иванова | Билјана | 24.02.2023 | 5,76 | 57,68 | 63,44 | ОС Струмица |
| 25 | Ѓорѓиев | Костадин | 24.02.2023 | 5,71 | 57,12 | 62,83 | ОС Струмица |

**Основен суд Тетово избор на 2 (двајца ) судии**

| Ред. Бр. | Презиме | Име | Година на завршување на АСЈО | Бодови од Комисијата од спроведеното интервју | Бодови од успех од АСЈО | Вкупен број на бодови | Судови за кои аплицирал |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 21 | Тоиќ | Бојана | 24.02.2023 | 5,74 | 57,53 | 63,27 | ОС Тетово |
| 23 | Муса | Реџеп | 24.02.2023 | 5,73 | 57,32 | 63,05 | ОС Тетово |

Претседателот на Советот отвори расправа по ранг листите.

За збор се јави Весна Дамева – член на Советот, која наведе дека ова бил макотрпен процес како од страна на Академијата која што повеќе од две години ги обучувала овие кандидати, така и од страна на Судскиот совет и со оглед дека добро ни била позната состојбата со недостиг на судии, го изрази нејзиното задоволство што се завршил овој процес и дека денес ќе се избирале судии. Наведе дека кај неа нема дилема кандидатите се совесни, стручни, со високи морални вредности и особено нагласи за интегритетот се додека не се докаже спротивното и дека своите одлуки доколку бидат избрани ќе ги донесуваат согласно Уставот, законите и меѓународните ратификувани договори. Поради тоа, наведе дека кај нејзе при гласањето ќе нема селекција, истакна дека се надева дека тоа ќе го сторат и останатите членови, особено што самата Комисија за рангирање не направила промена во редоследот на кандидатите и извести дека ќе гласа според ранг листите.

М-р Ивица Николовски – член на Советот наведе дека се јавува за збор за една позитивни дискусија и пофалба за сработеното од Комисијата и лично смета дека објективно пристапила кон обврската и сочинила квалитетна предлог ранг листа за која денес ќе се произнеселе членовите. Наведе дека ако се направела една споредба со конечната листа од Академија и денешната ранг листа која е предмет на расправа можело да се забележи дека нема големо отстапување на дадените бодови од страна на Академијата и бодовите дадени од Комисијата за рангирање, што го убедило него лично дека навистина Комисијата пристапила објективно ценејќи ги сите критериуми и до Судскиот совет доставила квалитетно сочинета ранг листа, кај што секаде се предлага да биде избран кандидатот со највисоки бодови.

М-р Тања Чачарова Илиевска – член на Советот во реплика наведе дека согласно конечната ранг листа Академијата, но согласно и одредбата од член 47 став 1 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија, Советот ќе ги има во предвид и останатите пропишани критериуми.

Претседателот на Советот  му даде збор на претседателот на Комисијата , Мирсад Сурожи кој согласно ранг листата  за Основен суд Битола ги предложи кандидатите Петар Чаловски, Елена Журовска  и Горан Димовски.

**Претседателот на Советот  го стави на гласање кандидатот за избор на судија на Основен суд Битола, од ранг листата под реден број 1 Петар Чаловски и  по гласањето констатира дека со 11  гласа „За“, кандидатот го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови со право на глас и дека  Петар Чаловски е избран за судија на Основен суд Битола.**

Претседателот на Советот наведе дека секој член на Советот со право на глас, треба да даде образложение за својата одлука за избор на судија како што е предвидено во член 49  став 3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Претседателот на Советот наведе дека и како член на Комисијата за рангирање генерално сите кандидати биле исклучително спремни и подготвени со голем ентузијазам и голема желба и дека истото претставувало нов дух односно млада сила и енергија за нашето правосудство од кој што сите очекувале добри и одлични резултати и дека гласал „За“ согласно ранг листата.

Мери Радевска – член на Советот наведе дека гласала „За“ за кандидатот затоа што имал најповеќе бодови на ранг листата за избор на судија во Основен суд Битола.

Лорета Георгиева – член на Советот честиташе за изборот  на кандидатот на овој и на сите наредни и наведе дека  имала чест и задоволство  на 11 и 12 јули 2023 година, да биде дел од Комисијата  која го вршела интервјуто за  сите кандидати и за кои од првиот до последниот имала позитивни впечатоци и се надева дека тоа што го оставиле како впечаток за време на интервјуто во иднина ќе го докажале и како судии понатаму, и затоа гласала „За“ кандидатот.

М-р Ивица Николовски – член на Советот наведе дека гласал „За“ затоа што чуствувал обврска за заложбата на овој кандидат што ја имал до сега за да стане судија  и дека ова важело и за останатите кандидати кои ќе бидат избрани за судии, бидејќи поминале долг пат каде што биле извршени целосни проверки во поглед на здравствена состојба, психолошка состојба, познавање на странски јазици, познавање на работа со компјутери, што значи биле направени проверки за сите критериуми предвидени во сите Правилници кој го регулираат изборот на судии и овој кандидат како и останатите кандидати не само преодни туку постигнале и успешни резултати и цени дека неговиот субјективен начин  на избор не е присутен и затоа наведе дека има обврска постигнатите резултати на овој кандидат да ги почитува.

Мирсад Сурожи – член на Советот наведе дека неспорен е фактот дека кандидатот бил одличен при дадените одговори во текот на интервјуто, неговиот успех во Академија, му го честиташе изборот и му посака среќа и успешна работа.

Весна Дамева  - член на Советот наведе дека ќе се произнесе сега и нема да се повторува бидејќи било идентично за сите кандидати, не го спорела ангажманот на сите кандидати кои се млади и исклучително амбициозни, бидејќи поминеле тежок пат во

Академијата, затоа што имале исклучително сериозни обуки и практичен дел и во овој момент квалитетот, стручноста и професионалноста се потврдиле врз основа на резултатите од Академијата, а во поглед на нивната визија за интегритет ќе го прифатела утврденото од Комисијата и се надева дека нема да се разочара и дека после одреден период ќе се потврди дека секој од нив што ќе биде избран заслужува да ја носи судиската тога, и затоа гласала „За" кандидатот.

М-р Миљазим Мустафа – член на Советот наведе дека гласал „За" од причините што го навеле и останатите членови на Советот дека е добро направена ранг листата и како член на Комисијата за спроведување на интервјуто забележал дека кандидатот Петар Чаловски е спремна личност за извршување на судиската функција, се надоврза на тоа да не се повторува за сите кандидати, бидејќи покажале одлични резултати при процесот на нивниот избор и истакна дека е особено горд што денес учествува како член на Советот при нивниот избор.

М-р Селим Адеми – член на Советот наведе дека гласал „За" се работело за кандидат кој завршил Академија имал добри резултати и во Академијата и при интервјуто и наведе дека нема причини да гласа поинаку освен „За".

Павлина Црвенковска – член на Советот наведе дека гласала „За„ кандидатот Петар чаловски согласно освоените во Академијата и при спроведеното интервју.

М-р Тања Чачарова Илиевска – член на Советот наведе дека гласала „За„ за овој кандидатот, затоа што смета дека бодовите кои што ги дала Комисијата се реално дадени, испочитувана била конечната ранг листа на Академијата за судии и јавни обвинители, ценет бил постигнатиот успех од Аакдемијата и му честиташе на кандидатот за изборот. По однос на сите наредни кандидати кои што ќе бидат избрани, наведе дека и на самиот почеток ниту еден од членовите не дал забелешка на предложените ранг лист од страна на Комсијата , а имајќи ги во предвид материјалите за седница кои претходно биле добиени дека немало некои отстапки од конечната ранг листа на Академијата за судии и јавни обвинители и дека станувало збор за избор на кандидати од Академијата за кои биле ценети сите критериуми при изготвување на ранг листите, годината на завршување на обуката и постигнатиот успех во Академијата и резултатите од интервјуто предложи да не се дава посебно образлужување за секој кандидат затоа што ќе се повторувале истите наводи.

Ханиф Зендели – заменик претседател на Советот наведе дека гласал „За" за кандидатот и наведе дека судиската работа е тешка мисија, но, се надева дека кандидатот ќе оствари позитивни резултати и му честиташе за изборот.

**Претседателот на Советот го стави на гласање Кандидатот за избор на судија на Основен суд Битола од ранг листата под реден број 2 Елена Журовска и по гласањето констатира дека со 11 гласа „За", кандидатот го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови со право на глас и дека Елена Журовска е избрана за судија на Основен суд Битола.**

Претседателот на Советот по однос на предлогот на членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска праша во интерес на времето дали членовите на Советот се согласни за избраните судии да се произнесуваат поединечно сите членови по ранг листа доколку одлуката е донесена едногласно. Констатира дека членовите на Советот се согласни со ваквиот предлог.

**Претседателот на Советот го стави на гласање кандидатот за избор на судија на Основен суд Битола од ранг листата под реден број 3 Горан Димовски и по гласањето**

**констатира дека со 11 гласа „За“, кандидатот го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови со право на глас и дека Горан Димовски е избран за судија на Основен суд Битола.**

Претседателот на Советот наведе дека по однос на двајцата избрани кандидати за Основен суд Битола секој член на Советот со право на глас, треба да даде образложение за својата одлука за избор на судија како што е предвидено во член 49 став 3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Претседателот на Советот наведе дека гласал „За“ бидејќи станувало збор за исклучително добри кандидати согласно постигнатите резултати од Академијата и интервјуто и од овие причини гласал за истите.

Мери Радевска – член на Советот наведе дека гласала „За“ за кандидатите затоа што е испочитувана ранг листата и смета дека ако кандидати ги добиле овие бодови тие се квалитетни и ќе ја остварат својата функција како квалитетни судии.

Лорета Георгиева – член на Советот честиташе за изборот на кандидатите го прифати предлогот на членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска да не се повторуваат со нивните ставови и мислења зошто гласале „За“ кандидатите, а во интерес на времето бидејќи се гласало редоследнос согласно ранг листата, но доколу имало отстапувања во тој случај смета дека треба да се даде образложение.

М-р Ивица Николовски – член на Советот наведе дека гласал „За“ , немало место за суперлативи бидејќи тие важеле за сите кандидати на ранг листата, во конкретниот случај добро било да се појасни дека имало повеќе кандидати од оние што се избрани и наведе дека заедно со останатите членови гласал „За“ по ранг листа по освоени бодови, значи последниот кандидат од оваа ранг листа не е избран затоа што имал помалку бодови.

Мирсад Суроји – член на Советот наведе дека им го честита изборот на кандидатите и одлучил да гласа за нив бидејќи биле одличн , успешно ја завршиле обуката во Академија и согласно ранг листата. Наведе дека исто така ќе гласа и за наредните кандидати.

Весна Дамева - член на Советот наведе дека нема да се произнесе и дека останува на нејзиниот став при изјаснувањето за изборот на првиот кандидат, со кратко дополнување со оглед дека има повеќе пријавени кандидати во конкретниот случај во Основниот суд Битола и за другите судови, напомена дека Судскиот совет на колегиум се договорил и тоа веќе во текот на денешната седница која била проширена со нова точка ќе бидат распишани нови огласи со цел сите кандидатите да бидат избрани и дека особено ја радува тоа што сите членови биле едногласни за тоа , бидејќи имало потреба од судии и дека овие кандидати може да дадат свој придонес во надминување или ублажување на состојбата во судовите.

М-р Миљазим Мустафа – член на Советот наведе дека гласал „За“ и за двајцата кандидати бидејќи покажеле одлични резултати при обуката во Академијата а исто така биле одлични и во текот на интервјуто спроведено од Комисијата на Судскиот совет.

М-р Селим Адеми – член на Советот наведе дека гласал „За“ бидејќи станувало збор за кандидати од Академијата, имале добри резултати од интевјуто и немало друга причина да гласа поинаку.

Павлина Црвенковска – член на Советот наведе дека гласала „За„ согласно усвоените резултати и бодови во Академијата и освоените бодови при интервјуто.

М-р Тања Чачарова Илиевска – член на Советот наведе дека гласала „За„ согласно ранг листата и наведе дека и е драго што нема отстапување од членовите на Судскиот совет и се почитува ранг листата, упати честитки на избраните кандидати и посака успешна работа.

Ханиф Зендели – заменик претседател на Советот наведе дека гласал „За“ упати честитки на кандидатите за изборот и посака успешна работа.

Претседателот на Советот му даде збор на претседателот на Комисијата, Мирсад Суроји кој согласно ранг листата за Основен суд Свети Николе го предложи единствениот кандидат Драгана Илиовска,

**Претседателот на Советот го стави на гласање единствениот кандидатот за избор на судија на Основен суд Свети Николе од ранг листата под реден број 1 Драгана Илиовска и по гласањето констатира дека со 11 гласа „За“, кандидатот го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови со право на глас и дека Драгана Илиовска е избрана за судија на Основен суд Свети Николе.**

Претседателот на Советот наведе дека секој член на Советот со право на глас, треба да даде образложение за својата одлука за избор на судија како што е предвидено во член 49 став 3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Претседателот на Советот наведе дека гласал „За“ од причина што станувало збор за кандидат од Академија кој што ја завршил успешно, од друга страна согласно освоените бодови од Академијата и од интервјуто смета дека ги оправдала очекувањата и од тие причини гласал за овој кандидат.

Мери Радевска – член на Советот упати честитки до избраната кандидатка,која била единствен кандидат за Основен суд Свети Николе , а согласно освоените бодови се покажала во Академијата и при интервјуто, и смета дека нема причини да не биде изгласана.

Лорета Георгиева – член на Советот упати честитки до избраниот кандидат.

М-р Ивица Николовски – член на Советот упати честитки до избраниот кандидат, со надеж дека ќе продолжи успешно и позитивно да ја извршува судиската функција.

Мирсад Суроји – член на Советот наведе дека го честита изборот на кандидатот и дека одлична била на интервјуто и едниствена била пријавена на огласот за Основен суд Свети Николе..

Весна Дамева - член на Советот наведе дека останува на предходно изнесениот став и дека нема да се повторува.

М-р Миљазим Мустафа – член на Советот наведе дека гласал „За“ била единствен кандидат која покажала солидни резулати во текот на интервјуто, и го честиташе изборот

М-р Селим Адеми – член на Советот наведе дека гласал „За“ за еднистветниот кандидат која е кандидат од Академијата.

Павлина Црвенковска – член на Советот наведе дека е единствен кандидат кој се пријавил на огласот за избор на судија во Основен суд Свети Николе, на интервјуто освоила добри бодови и оставила добар впечаток.

М-р Тања Чачарова Илиевска – член на Советот упати честитки до кандидатот и смета дека има остварено солидни бодови и очекува да има успех во работењето.

Ханиф Зендели – заменик претседател на Советот наведе дека гласал „За“ и немало причини да не гласа за овој кандидат смета дека истата е за пофалба затоа што конкурирала во Основниот суд Свети Николе, и упати честитки на кандидатката за изборот.

Претседателот на Советот му даде збор на претседателот на Комисијата, Мирсад Суроји кој согласно ранг листата за Основен суд Струмица го предложи кандидатот Катерина Тодорова.

**Претседателот на Советот го стави на гласање кандидатот за избор на судија на Основен суд Струмица од ранг листата под реден број 1 Катерина Тодорова и по гласањето констатира дека со 11 гласа „За“, кандидатот го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови со право на глас и дека Катерина Тодорова е избрана за судија на Основен суд Струмица.**

Претседателот на Советот наведе дека секој член на Советот со право на глас, треба да даде образложение за својата одлука за избор на судија како што е предвидено во член 49 став 3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Претседателот на Советот наведе дека согласно ранг листата гласал „За“ бидејќи освоила најмногу бодови како во Академијата, така и при интервјуто и е прва на ранг листата

Мери Радевска – член на Советот и го честиташе изборот за судија и наведе дека од истите причини гласала „За“ за овој кандидат.

Лорета Георгиева – член на Советот и го честиташе изборот за судија и наведе дека станува збор за кандидат кој доаѓа од Струмица од каде исто и таа доаѓала, наведе дека за овој кандидат и за сите кандидати кои се од подрачјето на Струмица се исклучително добри како луѓе, почитувани во работните средини што се потврдило и преку освоените бодови во Академијата и при интервјуто и дека е особено горда што Основниот суд Струмица ќе ги има како судии .

М-р Ивица Николовски – член на Советот наведе дека во конкретнито случај на оваа ранг илиста имало тројца кандидати што го радувало и денес гласал за прворангираниот кандидат почитувајќи ги освоените бодови од негова страна во целокупниот процес и го честиташе изборот .

Мирсад Суроји – член на Советот наведе дека гласал „За“ бидејќи била прворангирана на ранг листата за Основен суд Струмица и го честиташе изборот

Весна Дамева - член на Советот наведе дека гласала „За“ и нема да се повторува останува на претходно наведеното.

М-р Миљазим Мустафа – член на Советот наведе дека гласал „За“и го честиташе изборот за судија, бидејќи била прворангирана од тројца кандидати кој што конкурирале за Основниот суд Струмица за наведениот оглас.

м-р Селим Адеми – член на Советот наведе дека гласал „За“ бидејќи се работело за кандидат од Академијата, која постигнал добри резулатати како во Академијата така и при интервјуто и немало причина зошто да се гласа против.

Павлина Црвенковска – член на Советот наведе дека гласала „За“, согласно освоените бодови во Академијата и бодовите од спроведеното интервју и била прворангирана..

М-р Тања Чачарова Илиевска – член на Советот наведе имајќи го предвид фактот дека во огласот објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.73/2023 имало само едно место за Основен суд Струмица, а кандидатот Катерина Тодорова има најголем број бодови од останатите кандидати кои конкурирале за Основен суд Струмица, затоа гласала „За“ овој кандидат, воедно и го честиташе изборот за судија.

Ханиф Зендели – заменик претседател на Советот наведе дека гласал „За“ за кандидатот од истите причини и упати честитки за изборот и посака успешна работа.

Претседателот на Советот му даде збор на претседателот на Комисијата, Мирсад Суроји кој согласно ранг листата за Основен суд Тетово ги предложи кандидатите Бојана Тоиќ и Муса Реџеп

**Претседателот на Советот го стави на гласање кандидатот за избор на судија на Основен суд Тетово, од ранг листата под реден број 1 Бојана Тоиќ и по гласањето констатира дека со 11 гласа „За“, кандидатот го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови со право на глас и со 5 гласа „За“,доби и мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија и дека за судија на Основен суд Тетово е избрана Бојана Тоиќ.**

**Претседателот на Советот го стави на гласање кандидатот за избор на судија на Основен суд Тетово, од ранг листата под реден број 2 Муса Реџеп и по гласањето констатира дека со 11 гласа „За“, кандидатот го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови со право на глас и со 5 гласа „За“,доби и мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија и дека за судија на Основен суд Тетово е избран Муса Реџеп.**

Претседателот на Советот наведе дека секој член на Советот со право на глас, треба да даде образложение за својата одлука за избор на судиите како што е предвидено во член 49 став 3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Претседателот на Советот наведе дека кандидатите успешно ја завршиле обуката во Академијата и оставиле исклучително добар впечаток при интервјуто и од овие причини гласал „За“ кандидатите и им посака среќа.

Мери Радевска – член на Советот им посака среќа на избраните кандидати и наведе дека за две судиски места во Основен суд Тетово имало двајца кандидати со солидни резултати и затоа гласала „За“ за кандидатите.

Лорета Георгиева – член на Советот им честиташе на кандидатите за изборот и за судот во Тетово.

М-р Ивица Николовски – член на Советот им го честиташе изборот за судии на Основен суд Тетово.

Мирсад Суроји – член на Советот им го честиташе изборот за судии

Весна Дамева - член на Советот наведе дека нема да се повторува останува напредходно наведеното.

М-р Миљазим Мустафа – член на Советот наведе дека гласал „за“ и за двајцата кандидати и дека покажале инзворедни резултати на интервјуто

М-р Селим Адеми – член на Советот наведе дека гласал „За“ и им го честиташе изборот за судии.

Павлина Црвенковска – член на Советот наведе дека гласала „За“ и двјацата кандидати и имале солидно резултаи во Академијата и интервјуто

М-р Тања Чачарова Илиевска – член на Советот наведе дека причините поради кои гласала „За“ биле идентични како и во предходните случаи, постогнати добри резултати и останувало само да им честита.

Ханиф Зендели – заменик претседател на Советот наведе дека гласал „За“ за двајцата кандидати, им го четиташе изборот и им посака успешна работа како судии.

Претседателот му даде збор на претседателот на Комисијата Мирсад Суроји, по вториот оглас објавен во „ Службен весник на РСМ“ Бр.112/23 од 31.05.2023 година.

Мирсад Суроји наведе дека Комисијата ги изготви следните ранг листи:

**Основен суд Битола за избор на 1 (еден ) судија**

| Ред. Бр. | Презиме | Име | Година на завршување на АСЈО | Бодови од Комисијата од спроведеното интервју | Бодови од успех од АСЈО | Вкупен број на бодови | Судови за кои аплицирал |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Чаловски | Петар | 24.02.2023 | 5,76 | 58,63 | 64,39 | ОС Битола |
| 2 | Журовска | Елена | 24.02.2023 | 5,85 | 58,51 | 64,36 | ОС Битола |
| 3 | Димовски | Горан | 24.02.2023 | 5,71 | 57,34 | 63,05 | ОС Битола |
| 4 | Колевски | Иван | 24.02.2023 | 5,71 | 57,14 | 62,85 | ОС Битола |

## Основен граѓански суд за  избор на 8 (осум) судии

| Ред. Бр. | Презиме | Име | Година на завршување на АСЈО | Бодови од Комисијата од спроведеното интервју | Бодови од успех од АСЈО | Вкупен број на бодови | Судови за кои аплицирал |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Беговиќ | Марија | 24.02.2023 | 5,95 | 59,5 | 65,45 | Основен граѓански суд Скопје |
| 2 | Митревски | Кристијан | 24.02.2023 | 5,94 | 59,48 | 65,42 | Основен граѓански суд Скопје |
| 3 | Смаќоска | Билјана | 24.02.2023 | 5,94 | 59,47 | 65,41 | Основен граѓански суд Скопје |
| 4 | Бубевска Муцунски | Симона | 24.02.2023 | 5,9 | 59 | 64,9 | Основен граѓански суд Скопје |
| 5 | Костојчиноска | Лиљана | 24.02.2023 | 5,88 | 58,89 | 64,77 | Основен граѓански суд Скопје |
| 6 | Петрушевски | Драган | 24.02.2023 | 5,85 | 58,55 | 64,4 | Основен граѓански суд Скопје |
| 7 | Исакоска | Драгана | 24.02.2023 | 5,84 | 58,42 | 64,26 | Основен граѓански суд Скопје |
| 8 | Јосифоски | Драган | 24.02.2023 | 5,76 | 58,23 | 63,99 | Основен граѓански суд Скопје |
| 9 | Каталиниќ | Маја | 24.02.2023 | 5,8 | 58,01 | 63,81 | Основен граѓански суд Скопје |
| 10 | Апостолска Малиновска | Андреа | 24.02.2023 | 5,79 | 57,99 | 63,78 | Основен граѓански суд Скопје |
| 11 | Машкули | Пајтим | 24.02.2023 | 5,78 | 57,84 | 63,62 | Основен граѓански суд Скопје |
| 12 | Јованов | Јордан | 24.02.2023 | 5,78 | 57,83 | 63,61 | Основен граѓански суд Скопје |
| 13 | Митреска | Ирена | 24.02.2023 | 5,76 | 57,61 | 63,37 | Основен граѓански суд Скопје |
| 14 | Илиовска | Драгана | 24.02.2023 | 5,57 | 56,86 | 62,43 | Основен граѓански суд Скопје |
| 15 | Томиќ Велкоски | Сања | 24.02.2023 | 5,62 | 56,58 | 62,2 | Основен граѓански суд Скопје |
| 16 | Сековски | Влатко | 24.02.2023 | 5,58 | 56,49 | 62,07 | Основен граѓански суд Скопје |
| 17 | Митреска | Надица | 24.02.2023 | 5,55 | 55,55 | 61,1 | Основен граѓански суд Скопје |

## Основен кривичен суд за избор на 7 (седум) судии

| Ред. Бр. | Презиме | Име | Година на завршување на АСЈО | Бодови од Комисијата од спроведеното интервју | Бодови од успех од АСЈО | Вкупен број на бодови | Судови за кои аплицирал |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Беговиќ | Марија | 24.02.2023 | 5,95 | 59,5 | 65,45 | Основен кривичен суд Скопје |
| 2 | Смаќоска | Билјана | 24.02.2023 | 5,94 | 59,47 | 65,41 | Основен кривичен суд Скопје |
| 3 | Исакоска | Драгана | 24.02.2023 | 5,84 | 58,42 | 64,26 | Основен кривичен суд Скопје |
| 4 | Јосифоски | Драган | 24.02.2023 | 5,76 | 58,23 | 63,99 | Основен кривичен суд Скопје |
| 5 | Апостолска Малиновска | Андреа | 24.02.2023 | 5,79 | 57,99 | 63,78 | Основен кривичен суд Скопје |
| 6 | Идризи | Ахмед | 24.02.2023 | 5,78 | 57,8 | 63,58 | Основен кривичен суд Скопје |
| 7 | Митреска | Ирена | 24.02.2023 | 5,76 | 57,61 | 63,37 | Основен кривичен суд Скопје |
| 8 | Стојаноска | Фросина | 24.02.2023 | 5,76 | 57,61 | 63,37 | Основен кривичен суд Скопје |
| 9 | Георгиев | Кирил | 24.02.2023 | 5,75 | 57,59 | 63,34 | Основен кривичен суд Скопје |
| 10 | Миланова | Лилјана | 24.02.2023 | 5,71 | 57,1 | 62,81 | Основен кривичен суд Скопје |
| 11 | Илиовска | Драгана | 24.02.2023 | 5,57 | 56,86 | 62,43 | Основен кривичен суд Скопје |
| 12 | Томиќ Велкоски | Сања | 24.02.2023 | 5,62 | 56,58 | 62,2 | Основен кривичен суд Скопје |
| 13 | Сековски | Влатко | 24.02.2023 | 5,58 | 56,49 | 62,07 | Основен кривичен суд Скопје |

## Основен суд Струмица избор на 3 (тројца ) судии

| Ред. Бр. | Презиме | Име | Година на завршување на АСЈО | Бодови од Комисијата од спроведеното интервју | Бодови од успех од АСЈО | Вкупен број на бодови | Судови за кои аплицирал |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Тодорова | Катерина | 24.02.2023 | 5,77 | 57,75 | 63,52 | ОС Струмица |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Иванова | Билјана | 24.02.2023 | 5,76 | 57,68 | 63,44 | ОС Струмица |
| 3 | Ѓорѓиев | Костадин | 24.02.2023 | 5,71 | 57,12 | 62,83 | ОС Струмица |

Претседателот на Советот отвори расправа по ранг листите, констатира д дека никој не се јави за збор

Претседателот на Советот му даде збор на претседателот на Комисијата , Мирсад Суроји кој согласно ранг листата за Основен суд Битола го предложи кандидатот Иван Колевски.

**Претседателот на Советот го стави на гласање кандидатот за избор на судија на Основен суд Битола од ранг листата под реден број 4 Иван Колевски и по гласањето констатира дека со 11 гласа „За", кандидатот го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови со право на глас и дека Иван Колевски е избран за судија на Основен суд Битола.**

Претседателот на Советот наведе дека секој член на Советот со право на глас, треба да даде образложение за својата одлука за избор на судија како што е предвидено во член 49 став 3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Претседателот на Советот наведе дека согласно ранг листата единствениот кандидатт по вториот оглас и смета дека соосвоените бодови е со добри постигнати резултати и од тие причини гласал „За".

Мери Радевска – член на Советот наведе дека гласала „За" и му го честиташе изборот.

Лорета Георгиева – член на Советот наведе дека гласала „За" и му го честиташе изборот

М-р Ивица Николовски – член на Советот наведе дека гласал „За" и му го честиташе изборо

Мирсад Суроји – член на Советот наведе дека гласал „За" и му го честиташе изборот

Весна Дамева - член на Советот наведе дека гласала „за" и дека нема да се повторува од претходно наведените причини.

м-р Миљазим Мустафа – член на Советот наведе дека гласал „За" и му го честиташе изборот и наведе дека е единствениот кандидат за избор во Основен суд Битола.

м-р Селим Адеми – член на Советот наведе дека гласал „За" бидејќи бил единствен кандидат од листата, останатите биле избрани по претходниот оглас.

Павлина Црвенковска – член на Советот наведе дека гласала „За" и му го честиташе изборот, бидејќи бил единствен кандидат за Основен суд Битола и имал солидни бодови од Академијата и од интервјуто.

М-р Тања Чачарова Илиевска – член на Советот наведе дека гласалс „За" и му го честиташе изборот за судија.

Ханиф Зендели – заменик претседател на Советот наведе дека гласал „За“ за кандидатот, исто така му честиташе на изборот и наведе дека има засилување во овој суд со четворица нови судии.

Претседателот на Советот му даде збор на претседателот на Комисијата, Мирсад Суроји кој согласно ранг листата за Основен граѓански суд Скопје и приоритет за избор на судот ги предложи кандидатите Кристијан Митрески, Симона Бубевска Муцунски, Љиљана Костојчиноска, Драган Петрушевски, Маја Каталиниќ, Андреа Апостолска Малиновска, Пајтим Машкули и Јордан Јованов.

Претседателот на Советот го стави на гласање кандидатот за избор на судија на Основен граѓански суд Скопје од ранг листата под реден број 2 Кристијан Митревски и по гласањето констатира дека со 11 гласа „За“, кандидатот го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови со право на глас и со 5 гласа „За“,доби и мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија и дека за судија на Основен суд граѓански суд Скопје е избран Кристијан Митрески.

Претседателот на Советот го стави на гласање кандидатот за избор на судија на Основен граѓански суд Скопје од ранг листата под реден број 4 Симона Бубевска Муцунски и по гласањето констатира дека со 11 гласа „За“, кандидатот го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови со право на глас и со 5 гласа „За“,доби и мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија и дека за судија на Основен суд граѓански суд Скопје е избрана Симона Бубевска Муцунски.

Претседателот на Советот го стави на гласање кандидатот за избор на судија на Основен граѓански суд Скопје од ранг листата под реден број 5 Лиљана Костојчиноска и по гласањето констатира дека со 11 гласа „За“, кандидатот го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови со право на глас и со 5 гласа „За“,доби и мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија и дека за судија на Основен суд граѓански суд Скопје е избрана Лиљана Костојчиноска.

Претседателот на Советот го стави на гласање кандидатот за избор на судија на Основен граѓански суд Скопје од ранг листата под реден број 6 Драган Петрушевски и по гласањето констатира дека со 11 гласа „За“, кандидатот го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови со право на глас и со 5 гласа „За“,доби и мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија и дека за судија на Основен суд граѓански суд Скопје е избран Драган Петрушевски.

Претседателот на Советот го стави на гласање кандидатот за избор на судија на Основен граѓански суд Скопје од ранг листата под реден број 9 Маја Каталиниќ и по гласањето констатира дека со 11 гласа „За“, кандидатот го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови со право на глас и со 5 гласа „За“,доби и мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија и дека за судија на Основен суд граѓански суд Скопје е избрана Маја Каталиниќ.

Претседателот на Советот го стави на гласање кандидатот за избор на судија на Основен граѓански суд Скопје од ранг листата под реден број 10 Андреа Апостолска Малиновска и по гласањето констатира дека со 11 гласа „За“, кандидатот го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови со право на глас и со 5 гласа „За“,доби и мнозинство гласови од

присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија и дека за судија на Основен суд граѓански суд Скопје е избрана Андреа Апостолска Малиновска.

Претседателот на Советот го стави на гласање кандидатот за избор на судија на Основен граѓански суд Скопје од ранг листата под реден број 11 Пајтим Машкули и по гласањето констатира дека со 11 гласа „За“, кандидатот го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови со право на глас и со 5 гласа „За“,доби и мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија и дека за судија на Основен суд граѓански суд Скопје е избран Пајтим Машкули.

Претседателот на Советот го стави на гласање кандидатот за избор на судија на Основен граѓански суд Скопје од ранг листата под реден број 12 Јордан Јованов и по гласањето констатира дека со 11 гласа „За“, кандидатот го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови со право на глас и со 5 гласа „За“,доби и мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија и дека за судија на Основен суд граѓански суд Скопје е избран Јордан Јованов.

Претседателот на Советот наведе дека секој член на Советот со право на глас, треба да даде образложение за својата одлука за избор на судија како што е предвидено во член 49 став 3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Претседателот на Советот наведе дека сите кандидати се со постигнати резултати како во Академијата така и при спроведеното интервју и дека станувало збор за исклучително добри кандидати и затоа гласал „За“ за сите кандидати.

Мери Радевска – член на Советот наведе дека се квалитетни и според бодовите се на врв од листата и затоа гласала „За“ за кандидатите.

Лорета Георгиева – член на Советот на избраните кандидтати им го честиташе изборот како и до судот кој доби нови судии.

М-р Ивица Николовски – член на Советот на избраните кандидтати им го честиташе изборот и наведе дека со овој избор Судскиот совет покажал останал на ниво на својата задача и дека и при изборот на судии за овој суд почитувани се освоените резултати.

Мирсад Суроји – член на Советот на избраните кандидтати им го честиташе изборот и истакна дека му е задоволство што кандидати биле избрани во основниот граѓански суд согласно освоените бодови и нивниот приоритет наведе дека при споведувањето на итервјуто му било задоволство и на останатите членови од Комсијата да ги слушнат нивните одговори и се надева дека понатаму ќе бидат успешни во нивната кариера.

Весна Дамева - член на Советот наведе дека ова било солидна бројка на избрани судии во Основниот граѓански суд Скопје следува избор иза судии во Основниот кривичен суд што значи овие дава најголеми судови во државата ќе добијат засилување. Наведе дека во ниеден момент нивната стручност и професионалност, ниту може да ја цени, ниту да ја преиспитува и верува Академиата и верува на Комисијата. Меѓутоа како член на Судскиот совет наведе дека ќе биде исклучително среќна, бидејќи гласаза „За“, ако при постапувањето и одлучувањето ја покажуваат нивната независност и самостојност, како и нивниот интегритет и законот да им биде единствениот патоказ и после многу години да се гордееле што гласале „За“.

М-р Миљазим Мустафа – член на Советот наведе дека гласал „За“ за сите кандидати за Основен граѓански суд Скопје, но истакна дека некој од кандидатите имале конкурирано и за друг суд и за основнито кривичен суд Скоје, меѓутоа земено е во впредвид и нивниот интерес за судот во кој повеќе сакаат да работат и се надева дека ќе покажат и подобри резултати во нивната кариера и е убеден во истото.

м-р Селим Адеми – член на Советот наведе дека гласал „За“ за сите кандидати од истите причини поради што што ја завршиле обуката во Академијата имале добри бодови добро интервју, а друг параметар за нивната стручност немало така што истото ќе се покажело во текот на нивната работа и им посака среќа и успешна работа.

Павлина Црвенковска – член на Советот наведе дека како што и претходно било наведено во огласот за Основен граѓански суд Скопје за избор на 8 судии конкурирале 17 кандидати и при изготвување на ранг листата од страна на Комисијата ги имала во предвид освоените бодови од Академијата, освоените бодови од интервјуто и нивниот приоритет за кој суд сакаат да работат, бидејќи голем дел од нив конкурирале и во Основниот граѓански суд и во Основниот кривичен суд, но се имала во предвид нивната определба каде мислат дека ќе дадат поголем придонес.

М-р Тања Чачарова Илиевска – член на Советот наведе дека гласала „За“ сите 8 кандидати според ранг листата и дека тоа биле солидни резултати кои што ги покажале изразени преку бодовите на ранг листата и истакна дека и е посебно драго што од прворангираниот до последниот на ранг листата разликата е многу мала и дека се солидни кандидати кој што ден се ги избирале за судии и би сакала само да им честита и да им посака успешна работа.

Ханиф Зендели – заменик претседател на Советот наведе дека гласал „За“ за сите 8 кандидати, им го честиташе изборот и наведе дека е познатотота дека во Основниот граѓански суд работата е се погоелм терет, бидејќи е најголем суд, но се надева дека ќе покажат успешни резултати.

Претседателот на Советот му даде збор на претседателот на Комисијата, Мирсад Суроји кој согласно ранг листата за Основен кривичен суд Скопје и приоритет за избор на судот ги предложи кандидатите Марија Беговиќ, Билјана Смаќоска, Драгана Исакоска, Драган Јосифоски, Ахмед Идризи, Фросина Стојаноска и Кирил Георгиев.

Претседателот на Советот го стави на гласање кандидатот за избор на судија на Основен кривичен суд Скопје од ранг листата под реден број 1 Марија Беговиќ и по гласањето констатира дека со 11 гласа „За“, кандидатот го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови со право на глас и со 5 гласа „За“,доби и мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија и дека за судија на Основен суд кривичен суд Скопје е избрана Марија Беговиќ.

Претседателот на Советот го стави на гласање кандидатот за избор на судија на Основен кривичен суд Скопје од ранг листата под реден број 2 Билјана Смаќоска и по гласањето констатира дека со 11 гласа „За“, кандидатот го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови со право на глас и со 5 гласа „За“,доби и мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија и дека за судија на Основен суд кривичен суд Скопје е избрана Билјана Смаќоска.

Претседателот на Советот го стави на гласање кандидатот за избор на судија на Основен кривичен суд Скопје од ранг листата под реден број 3 Драгана Исакоска и по гласањето констатира дека со 11 гласа „За“, кандидатот го доби потребното мнозинство од

вкупниот број членови со право на глас и со  5 гласа „За“,доби и мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија и дека  за судија на Основен суд кривичен суд Скопје е избрана Драгана Исакоска.

Претседателот на Советот  го стави на гласање кандидатот за избор на судија на Основен  кривичен суд Скопје од ранг листата под реден број 4 Драган Јосифоски и  по гласањето констатира дека со 11  гласа „За“, кандидатот го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови со право на глас и со  5 гласа „За“,доби и мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија и дека  за судија на Основен суд кривичен суд Скопје е избран Драган Јосифоски.

Претседателот на Советот  го стави на гласање кандидатот за избор на судија на Основен  кривичен суд Скопје од ранг листата под реден број 6 Ахмед Идризи и  по гласањето констатира дека со 11  гласа „За“, кандидатот го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови со право на глас и со  5 гласа „За“,доби и мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија и дека  за судија на Основен суд кривичен суд Скопје е избран Ахмед Идризи.

Претседателот на Советот  го стави на гласање кандидатот за избор на судија на Основен  кривичен суд Скопје од ранг листата под реден број 8  Фросина Стојаноска и  по гласањето констатира дека со 11  гласа „За“, кандидатот го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови со право на глас и со  5 гласа „За“,доби и мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија и дека  за судија на Основен суд кривичен суд Скопје е избрана Фосина Стојаноска.

Претседателот на Советот  го стави на гласање кандидатот за избор на судија на Основен  кривичен суд Скопје од ранг листата под реден број 9 Кирил Георгиев и  по гласањето констатира дека со 11  гласа „За“, кандидатот го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови со право на глас и со  5 гласа „За“,доби и мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија и дека  за судија на Основен суд кривичен суд Скопје е избран Кирил Георгиев.

Претседателот на Советот наведе дека секој член на Советот со право на глас, треба да даде образложение за својата одлука за избор на судија како што е предвидено во член 49  став 3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Претседателот на Советот наведе дека гласал „За“  сите кандидтаи бидејќи покажале резултати во Академијата и при интервјуто и согласно ранг листата гласал за овое кандидати и им го честиташе изборот.

Мери Радевска – член на Советот наведе дека гласала „За“ за овие кандидати затоа што од 13 кандидати тие се прворангирани на листата.и им посака среќа

Лорета Георгиева – член на Советот им го честиташе изборот и наведе дека со изборот на овие 7 судии, Основниот кривичен суд ќе биде доекипиран за поуспешна работа.

Ивица Николовски – член на Советот наведе дека гласал „За“ и да не се повторува со досега изнесените позитивни забелешки и ставови, како за претходните така и за овие кандидати, со надеж дека ќе дадат придонес во секојдневно извршување на судиската должност.

Мирсад Суроји – член на Советот наведе дека одлучил да гласа „За“  сите кандидати имајќи во предвид дека биле рангирани најгоре на листата,а посебно ја запомнил кандидатката

Марија Беговиќ која исто така била и прворангирана на листа од Академијата и дека била еден инзвореден кандидат кој им оставил позитивен впечаток на целата Комисија и се надева дека е чест за државата и судството еден ваков кандидат да ја извршува судиската функција.

Весна Дамева - член на Советот наведе дека правото се учи и не се сомнева во стручноста на овие кандидати и како што неколку пати истакнала и нивното знаење ке го надградуваат. Но, им порача јавно на кандидатите дека интегритетот е она што треба да го зачуваат и што ќе им биде бедем во постапувањето и извршувањето на нивната судиска функција, само тоа ќе ги штитело од било какви влијанија, закани и слично, а Судскиот совет, барем таа како член била тука да даде придонес во надминување доколку се соочат со такви состојби. Истовремено, наведе дека при изборот за Основен кривичен суд Скопје еден од избраните кандидати Кирил Георгиев е син на судијата Наке Георгиев, кој пред отпочнување на оваа седница бил член на Судскиот совет, односно бил избран за член на Судскиот совет и до истиот допрел и нејзиниот став и ставот на одредени колеги дека ако се впуштеле во избор ќе го повределе законот и тој избор ќе бил осуетен. Се заблагодари до сите колеги и до судијата Наке што бил доблесен да поднесе оставка за да не се вовлекува Судскиот совет во некои поинакви размислувања и истакна дека е горда што понекогаш укажуваат еден, двајца или тројца членови, но важно било да нема скандали и да се завршуваат работите.

М-р Миљазим Мустафа – член на Советот наведе дека им честита на кандидатите избрани за судии во Основниот кривичен суд Скопје, гласал „За“ како и сите други членови, истите покажале инзворедни резултати во Академијата и во текот на интервјуто и надополни како што навел и членот Мирсад да се спомене дека има добри и најдобри, меѓутоа требало да се потенцира дека првиот кандидат од ранг листата Марија Беговиќ покажала инзворедни резултати и дека е особено горд за таквите кандидати.

М-р Селим Адеми – член на Советот наведе дека членовите гласот го давале врз основа на закон а не чиј е синот и дека гласал „за“ за сите кандидати потенцира дека не познавал ниту еден кандидат освен Марија Беговиќ со која имал прилика да работи во Министерството за правда и на сите кандидати им посака среќа.

Павлина Црвенковска – член на Советот наведе дека гласала за предложената ранг листа, со оглед на освоените бодови во Академијата и со оглед дека сите избрани 7 кандидати кај нејзе оставиле позитивен впечаток при интервјуто, без исклучок

М-р Тања Чачарова Илиевска – член на Советот наведе дека гласала „За“ за сите 7 кандидати, кој што имале најмногу остварени бодови според ранг листата и истакна дека и е особено драго што сите колеги гласале „За“ им го честиташе исборот на кандидатите за судии и им посака успех во работата.

Ханиф Зендели – заменик претседател на Советот наведе дека гласал „За“ за сите кандидати и упати честитка до сите, наведе дека судиската функција била тешка. но тоа бил нивен избор.

Претседателот на Советот му даде збор на претседателот на Комисијата , Мирсад Сурој кој предложи од ранг листата за Основен суд Струмица да бидат избрани кандидатите Билјана Иванова и Костадин Ѓоргиев.

Претседателот на Советот го стави на гласање кандидатот за избор на судија на Основен суд Струмица од ранг листата под реден број 2 Билјана Иванова и по гласањето констатира дека со 11 гласа „За“, кандидатот го доби потребното мнозинство од вкупниот број

членови со право на глас и дека  Билјана Иванова  е избрана за судија на Основен суд Струмица.

Претседателот на Советот  го стави на гласање кандидатот за избор на судија на Основен суд Струмица од ранг листата под реден број 3 Костадин Ѓорѓиев и  по гласањето констатира дека со 11  гласа „За“, кандидатот го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови со право на глас и дека  Костадин Ѓорѓиев  е избран за судија на Основен суд Струмица.

Претседателот на Советот наведе дека секој член на Советот со право на глас, треба да даде образложение за својата одлука за избор на судија како што е предвидено во член 49  став 3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Претседателот на Советот наведе дека и во овој случај Основниот суд Струмица го засилувале со млад кадар со тројца судии кои ќе придонеле за добро функционирање на судот и смета дека нема дилеми како и останатите кандидати дека  се комплетни да ја извршуваат судиската функција и од тие причини гласал „За“

Мери Радевска – член на Советот им честиташе на колегите и  наведе дека денес успеале да изберат кандидати за судовите каде  биле објавени огласи и дека наскоро ќе биде изборот и на преостанатите кандидати  и смета дека нешто почнува да се движи во права насока.

Лорета Георгиева – член на Советот им упати честитки на избраните кандидати и повторно наведе дека се работи за кандидати кои се избрани во Основниот суд Струмица  и бидејќи лично ги познавала наведе дека се работи за исклучителни луѓе, стручни во нивната досегашна работа и лично е среќна што Основен суд Струмица добил тројца судии, од кои таа и средината очекувале многу.

Ивица Николовски – член на Советот наведе дека со денешниот избор на кандидатите за судии, граѓаните и Република Северна Македонија се засилиле со еден нов капацитет, кој што бил стручно подготвен  и очекува тие да бидат дел од целокупниот процес за остварување и подобрување на принципот на владеење на правото.

Мирсад Суроји – член на Советот им упати честитки на избраните кандидати и наведе дека сите кандидати кои биле избрани за судии  и овие за Основен суд Струмица биле меѓу најдобрите кандидати кои успешно ја завршиле Академијата и истакна дека како на претседател на Комисијата му било особено задоволство и чест да се работи со сотанатите членови на Комисијата и дека даден бил голем труд и смета дека биле ефикасни и потребата за избор на судии успеле во најкус можен рок да се спроведе, како  и тоа дека интервјуто било успешно завршено и во текот на судска ферија да бидат избрани овие кандидати за судии и дека успешно ќе ја извршуваат судиската функција.

Весна Дамева  - член на Советот наведе дека останува на претходно изнесените наводи за изборот на кандидатите во текот на оваа седница и додаде дека истите треба секогаш да имаат на ум дека одлуките ќе ги носат во име на граѓаните на Република Северна Македонија, дека треба ажурно да постапуваат и да знаат дека треба да споведуваат неселективна правда.

М-р Миљазим Мустафа – член на Советот наведе дека гласал „За“ за овие кандидатти им им го честиташе изборот и им посака успешна работа.

М-р Селим Адеми – член на Советот наведе дека гласал „За“ и дека никој не требал да ги учи како треба да ги носат одлуките бидејќи имале доволно време да го научат тоа и им посака успешна работа.

Павлина Црвенковска – член на Советот наведе дека гласала „За“ за овие кандидати согласно постигнатите резултати од девегодишната обука во Академијата и од освоените бодови од интервјуто.

М-р Тања Чачарова Илиевска – член на Советот наведе дека гласала „За“ за кандидатите им честиташе на новоизбраните судии во Основен суд Струмица, и истакна дека особено и е драго што конкурирале за судии во овој суд и дека со истите ќе се доекипирал Основниот суд Струмица.

Ханиф Зендели – заменик претседател на Советот наведе дека гласал „За“ за овие двајца кандидати и смета дека ќе ја остварат својата желба да ја извршуваат судиската функција.

**Точка 5 „Донесување на Одлука за објавување на Оглас за избор на 2 (двајца) судии на Основен суд Берово, на 2 (двајца) судии на Основен суд Делчево, на 3 (тројца) судии на Основен граѓански суд Скопје, на 3 (тројца) судии на Основен суд Кичево, на 3 (тројца) судии на Основен кривичен суд Скопје, на 2 (двајца) судии на Основен суд Крушево, на 1 (еден) судија на Основен суд Куманово, на 2 (двајца) судии на Основен суд Охрид, на 6 (шест) судии на Основен суд Прилеп, на 2 (двајца) судии на Основен суд Радовиш, на 3 (тројца) судии на Основен суд Струга и на 1 (еден) судија на Основен суд Свети Николе“.**

Ханиф Зендели – заменик претседателот на Советот констатираше дека претседателот на Советот ја напушти седницата поради службени обврски.

По однос на петата точка од Дневниот ред наведе дека е потребно веднаш да се објави нов оглас за избор на судии во основните судови, со цел да бидат избрани престанатите 5 кандидати од Академијата за судии и јавни обвинители и отвори расправа.

За збор се јави Весна Дамева – член на Советот која наведе дека потребата за избор на судии во сите судови е неопходна и дека истото било дискутирано и на работен состанок и сите членови биле согласни час поскоро да се објави оглас и наведе дека ќе гласа „За“.

м-р Селим Адеми – член на Советот наведе дека било добро тоа што членовите на Советот се согласиле дека е потребно да се објави оглас и избраните судии да бидат делегирани таму кај што има потреба.

Павлина Црвенковска – член на Советот наведе дека треба да се распише едно место плус наместо за 5 за 6 кандидати.

.

Весна Дамева – член на Советот постави прашање дали ќе се рисписшува оглас за судовите каде не се избрани судии или само за Основен кривичен суд Скопје и Основен граѓански суд Скопје или за сите судови каде има потреба , па самите кандидати да изберат за кој суд ќе конкурираат.

Ханиф Зендели – заменик претседателот на Советот повтори и дека и претходно навел дека ќе се објави оглас за сите судови почнувајќи од Основен суд Берово до Основен суд делчево, Основен суд Кичево и други судови, но требало да се договори за бројот на места бидејќи останале само 5 кандидати од Академијата.

Мери Радевка – член на Советот наведе дека Комисија на Советот изготвила анализа за кој суд колкава е потребата и Судскиот совет ги прифатил тие бројки и истакна дека сите биле свесни дека нема кандидати за толку места.

м-р Миљазим Мустава наведе дека огласот треба да се објави како и претходниот оглас плус тројца кандидати за Основен кривичен суд Скопје и тројца кандидати за Основен граѓански суд Скопје.

Со оглед дека повеќе никој не се јавил за збор Ханиф Зендели – заменик претседателот на Советот го стави на гласање предлогот „ да се донесе Одлука да се објави оглас за избор на 2 (двајца) судии на Основен суд Берово, на 2 (двајца) судии на Основен суд Делчево, на 3 (тројца) судии на Основен граѓански суд Скопје, на 3 (тројца) судии на Основен суд Кичево, на 3 (тројца) судии на Основен кривичен суд Скопје, на 2 (двајца) судии на Основен суд Крушево, на 1 (еден) судија на Основен суд Куманово, на 2 (двајца) судии на Основен суд Охрид, на 6 (шест) судии на Основен суд Прилеп, на 2 (двајца) судии на Основен суд Радовиш, на 3 (тројца) судии на Основен суд Струга и на 1 (еден) судија на Основен суд Свети Николе" и констатираше дека со 10 гласа „За" е донесена следната:

**О Д Л У К А**
**Да се објави оглас:**

- за избор на 2 (двајца) судии на Основен суд Берово,
- за избор на 2 (двајца) судии на Основен суд Делчево,
- за избор на 3 (тројца) судии на Основен граѓански суд Скопје,
- за избор на 3 (тројца) судии на Основен суд Кичево,
- за избор на 3 (тројца) судии на Основен кривичен суд Скопје,
- за избор на 2 (двајца) судии на Основен суд Крушево,
- за избор на 1 (еден) судија на Основен суд Куманово,
- за избор на 2 (двајца) судии на Основен суд Охрид,
- за избор на 6 (шест) судии на Основен суд Прилеп,
- за избор на 2 (двајца) судии на Основен суд Радовиш,
- за избор на 3 (тројца) судии на Основен суд Струга и
- за избор на 1 (еден) судија на Основен суд Свети Николе.

**Точка 6 „Одлучување по известување од Комисија за утврдена фактичка состојба по поднесено барање за утврдување одговорност на судија ".**

По однос на шестата точка од Дневниот ред, Ханиф Зендели – заменик претседателот на Советот наведе дека е потребно да се донесе одлука за исклучување на јавноста и предлогот го стави за гласање и констатираше дека со 10 гласа „За" е донесена **одлука да се исклучи јавноста.**

**Точка 7 „Разно".**

Претседателот на Советот констатираше дека на седница е присутна и новоизбраниот член на Советот м-р Антоанета Димовска.

Претседателот на Советот даде збор на Мери Радевска – член на Советот која наведе дека претседателите на судови прашувале за новоизбраните судии кога ќе имало заклетва со оглед дека почнувала судска ферија.

Претседателот на Советот наведе дека е потребно е да изтечат законските рокови за приговор на неизбраните кандидати, па да се објават одлуките во службен весник иочекува дека тоа би билопосле завршување на судиската ферија.

М-р Селим Адеми –член на Советот наведе дека се избрани сите кандидати и немало потреба да се чекаат приговори и дека може да се почекало само за Оновниот кривичен суд Скопје и Основниот граѓански суд Скопје, каде не биле избрани сите кандидати и може да приговарат.

Претседателот на Советот наведе дека не било пожелно кандидатите да се делат бидејќи во понеделник повеќето членови на Советот заминуваат на одмор аимало и процедура која е потребно да се запази и дека после 15 август ќе можело новоизбраните судии да дадат заклетва.

М-р Антоанета Димовска – член на Советот наведе дека новоизбраните судии и доколку дадат заклетва, со оглед дека е судска ферија немало да има можност истите да се распоредат и да се задолжат со предмети, па од практични причини смета дека заклетвата треба да ја дадат после судската ферија.

М-р Селим Адеми –член на Советот наведе дека нема пречка да дадат заклетва новоизбраните судии во судовите каде се избрани сите од листата, бидејќи како што било договорено истите треба веднаш да се делегираат во судовите каде има потреба.пред да им се доделат предмети во судот кај што се избрани.

М-р Ивица Николовски –член на Советот наведе дека имајќи ја во предвид новонастанатата ситуација во судовите со изборот на нови судии наведе дека има информации од некои претседатели дека веќе размислувале каде би биле распоредени и претпоставува дека овие судии по завршување на судската ферија ќе бидат делегирани како што навел и челнот Селим Адеми.

Претседателот на Советот наведе дека после заклетвата за една недела истите ќе бидат делегирани.

Сите членови на Советот се согласија со предлогот новоизбраните судии заклетва да дадат по завршување на судската ферија.

Весна Толева –ВД Генерален секретар наведе дека на сите членови на Советот им бил познат проблемот на Стручната служба на Советот во врска со додатоците за плата и дека во повеќе наврати барале одговори, дотолку повеќе што во УЈП веќе потпишале Колективен договор за доделување на додатоци од 30 % и постави прашање дали е возможно во текот на утрешниот ден на колегиум да се дискутира за ова прашање и предлага под точка Разно во четврток да се стави Измената на Колективниот договор.

Претседателот на Советот наведе дека и претходно било разговарано за овој проблем.

Анита Андоноска –државен советник појасни дека во УЈП за 900 вработени веќе е потпишан Колективен договор и вработените ќе земат 30% зголемување и дека индентична

ситуацијата е  и кај Судскиот совет, а се работи за 30 вработени од кои повеќе од половина земаат скоро минимална плата  и дека тоа не се големи фискални импликации така да единствен излез е потпишување на Измена на Колективниот договор и дека рализацијата на истото ќе биде после ребалансот на Буџтот, со цел да не се кршат одредбите од Законот за извршување на буџетот на РСМ, и  Советот да не се соочува со тужби бидејќи вработените несакале да предизвикаат негативни последици.

м-р Селим Адеми  – член на Советот наведе дека секогаш го кажувал тоа што го мислел и дека нема да давал надеж бескрајно и дека администрацијата требала да свати дека во судството за администрација нема пари, пред рабалансот и тоа требало да им биде јасно, значи наведе дека  судскиот буџетски совет донел одлука за додатоци ,па  после  доцнела платата и ги обвинувале за тоа и дека министерот за финансии навел јавно дека нема пари  и дека после ребалансот требало да се направат напори тоа да се надокнати и дека кога кажал дека нема да има додатоци  до септември сите рекле дека Селим е против, и дека после ребалансот треба да се направи притисок сега немало пари и дека  министерството за финансии не дава повеќе.

Мери Радевкса – член на Советот наведе дека сега вработените со потпишување на измената на Колективниот договор бараат основ за после ребалансот да може да им се исплаќаат додатоци.

Претседателот на Советот наведе дека пред склучување на измена на Колективниот договор потребно е да се бара мислење од министерство за финансии.

Претседателот на Советот костатираше дека седницата заврши во 15:10 часот
Тонското снимање е составен дел од записникот.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Сашко Георгиев**

Изработил, Анита Андоноска- Државен советник
Одобрил, Весна Толева- ВД Генерален секретар